Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Сектор за општи работи

Бр. 05-2810/1
Скопје, 05-11-2024 година

Врз основа на член 77 од Законот за јавните набавки (”Службен весник на РМ“ бр.24/19 од 01.02.2019г ), а согласно Годишниот план за јавни набавки на Министерството за правда бр. 05-345/1 од 24.01.2024 година, Министерот за правда Игор Филков ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## за јавна набавка на стоки – електрична енергија

1. За потребите на Министерството за правда, потребно е да се спроведе отворена постапка за јавна набавка на стоки - електрична енергија.

1.1 Предмет (вид) на набавка: Електрична енергија.

1.2 Предметот на набавка не е делив на делови.

2. Предметот на набавка ќе се спроведе согласно склучениот Договор за извршување на групна набавка заведен кај нас под арх. број 05-1994/1 од 09.07.2024 година, заведен во Министерство за правда на Република Северна Македонија – Биро за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права под архивски број 0507-195/1 од 28.10.2024 и заведен во Министерство за правда – Управа за извршување на санкциите под арх. број 03-1620/1 од 25.10.2024 година, склучен согласно Спогодбата за заедничко уредување на меѓусебните права и обврски на корисниците на деловен објект на ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9 Скопје, а во врска со член 62 од Законот за јавните набавки.

3. За задоволување на потребата од точка 1 на оваа одлука се утврдуваат средства во вкупен износ од 7.000.000,00 денари без ДДВ, ДДВ во износ од 1.260.000,00 денари, вкупно со ДДВ во износ од 8.260.000,00 денари.
Начинот на распределба на трошоците за електрична енергија е утврден во член 3 од Договорот за извршување на групна набавка заведен кај нас под арх. број 05-1994/1 од 09.07.2024 година, заведен во Министерство за правда на Република Северна Македонија – Биро за застапување на Република Северна Македонија


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493 www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification 1828

пред Европскиот суд за човекови права под архивски број 0507-195/1 од 28.10.2024 година и заведен во Министерство за правда – Управа за извршување на санкциите под арх. број 03-1620/1 од 25.10.2024 година.

Средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Министерството за правда на Република Северна Македонија - 637, програма 10, ставка 421 во износ наведен како во член 3 од овој договор, Буџетот на Министерство за правда на Република Северна Македонија – Биро за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права и Буџетот на Министерство за правда – Управа за извршување на санкциите.

4. Начин и постапка за доделување на договор за јавна набавка.
Постапката да се спроведе согласно **член 50,** од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ" бр. 24/19), односно со спроведување на **отворена постапка** за доделување на договор за јавна набавка на стоки со објавување на оглас, со користење на електронски средства преку ЕСЈН, каде нема да се спроведе електронска аукција како последна фаза во постапката.

5. Критериум за доделување на Договорот за јавна набавка согласно Член 99 од Законот за јавните набавки е економски најповолна понуда и се утврдува врз основа на најниска цена, односно најниската понудена маржа изразена во проценти која ќе се користи за пресметка на цената на потрошена електрична енергија за секој изминат месец.

6. Плаќањето ќе биде вирмански, во рок до 30 дена од доставувањето на фактурата во архивата на Министерството за правда.
Економскиот оператор треба да доставува посебни месечни фактури до сите Договорни страни со посебни износи согласно пресметаното процентуално учество во трошоците за снабдување со електрична енергија, како и посебни фактури за поединечните подрачни одделенија кој трошок ќе биде на товар на Министерството за правда.

7. Постапката завршува со склучување на Договор за јавна набавка на стоки.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification
BUREAU VERITAS 1828

8.За целосна реализација на постапката за доделување на Договор за јавна набавка се формира комисија за јавна набавка во состав:

Претседател: Един Пачариз
Членови: Александар Тодоровски – Министерство за правда
Драган Нешковски, Министерство за правда – Управа за извршување на санкциите и
Бобан Петрушев, Министерство за правда на Република Северна Македонија – Биро за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права

Заменик претседател: Нофка Стојанова
Заменици на членови: Зоран Георгиевски – Министерство за правда
Мартина Ѓорѓиева - Министерство за правда – Управа за извршување на санкциите
Ана Фуна – Биро за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со цел реализирање на Годишниот план за јавни набавки на Министерството за правда бр. 05-345/1 од 24.01.2024 година, потребно е да се спроведе постапка за доделување на Договор за јавна набавка на стоки – **електрична енергија .**
За реализација на оваа набавка ќе се употребат средства во вкупен износ од 7.000.000,00 денари без ДДВ, ДДВ во износ од 1.260.000,00 денари, вкупно со ДДВ во износ од 8.260.000,00 денари.
Начинот на распределба на трошоците за електрична енергија е утврден во член 3 од Договорот за извршување на групна набавка заведен кај нас под арх. број 05-1994/1 од 09.07.2024 година, заведен во Министерство за правда на Република Северна Македонија – Биро за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права под архивски број 0507-195/1 од 28.10.2024 година и заведен во Министерство за правда – Управа за извршување на санкциите под арх. број 03-1620/1 од 25.10.2024 година.

Средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Министерството за правда на Република Северна Македонија - 637, програма 10, ставка 421 во износ наведен

како во член 3 од овој Договор, Буџетот на Министерство за правда на Република Северна Македонија – Биро за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права и Буџетот на Министерство за правда – Управа за извршување на санкциите.

Доставено до:
-Сектор за општи работи
- Сектор за финансиски прашања

Igor Filkov
Digitally signed by Igor Filkov
Date: 2024.11.06 13:51:24 +01'00'

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
Игор Филков

Подготвил/а: м-р Марина Миновска, Раководител на одделение
Контолирал/а: Сања Димовска, Помошник раководител на сектор


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification